РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-1116/2
05-07-2024 година

Врз основа на член 17 став (1) и став (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот: со адреса на ул. поднесено на 01.07.2024 година, директорот на Агенција за администрација, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **Барањето** поднесено од , со адреса на ул. „ заведено под број 08-1116/1 од 01.07.2024 година, се **ОТФРЛА**.
2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот на ден 01.07.2024 година, поднесе до Агенцијата за администрација Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 08-1116/1 со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

*„До каде е постапката со Одлука бр.2768/40 од 13.02.2024 година и доколку е поништена барам да ми дадете информација зошто одлуката е поништена. Барам да ми ги доставите сите списи од постапката за вработување по јавен оглас број 654/2023 од 23.12.2023 година, како би се задоволило начелото за транспарентност и правичност“.*

По разгледување на предметното барање, службеното лице овластено за посредување со информации од јавен карактер го оцени истото како непотполно, односно утврди дека со предметното барање не се бара информација од јавен карактер, имајќи го предвид фактот дека барателот бил странка во постапката по Јавниот оглас број 654/2023 и дека се работи за информации од личен интерес.

Поради истото, на барателот по пат на електронска пошта на ден 02.07.2024 година, му беше укажано да го дополни односно прецизира барањето со укажување на последиците

доколку не го стори тоа, а согласно член 17 ставови (1), (3) и (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

По изминување на рокот од три дена од денот на известувањето, барателот не поднесе ново, односно дополнето барање, по што беше утврдено дека барањето не ги исполнува условите од членот 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно дека барањето според својата содржина не може да биде прифатено како Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Врз основа на сето наведено, постапувајќи согласно член 17 став (1) и (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: *„(1) Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето. (5) Ако барањето и по дополнувањето не ги исполнува условите од членот 16 на овој закон и поради тоа имателот на информации не може да го разгледува барањето, имателот на информации ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето“*, следуваше да се донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против донесеното решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,

Изработил:

Доставено до:

- Директор;
- Барателот на информацијата;
- Сектор за правни работи и
- Архива.